ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

**Предмет:** ЦЕНОВНО ЧУСТВИТЕЛНА ИНФОРМАЦИЈА

**Датум:** 17.07.2017 година

**Почитувани акционери и други заинтересирани страни,**

Ве известуваме дека по претходно спроведена постапка согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за супервизија на осигурување, Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренст Груп обезбеди согласност за измена и дополнување на Статутот на Друштвото и согласност за воведување на нова гласа на осигурување - здравствено осигурување. Предметните согласности се издадени од страната на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија.

Дополнителни информации во врска со предметнте согласности може да се добијат од страна на стручните служби на Друштвото.

Со почит,

**Претседател на Управен одбор**

**Бошко Андов**

---

**Осигурување Македонија а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп** е симбол за осигурување во Македонија, како и за доверба, сигурност и финансиска стабилност. Основана е 1945 година како Државен осигурителен завод. Со последната приватизација во 2013 година стана дел од Vienna Insurance Group. Компанијата има големо искуство и познавање на осигурителната индустрија и успешно се усогласува со модерните токови на пазарот, што обезбедува најдобра услуга и квалитетна осигурителна понуда за клиентите.

**Vienna Insurance Group (ВИГ)** е водечко име на полето на осигурувањето во Австрија, исто така и во Централна и Источна Европа. Околу 50 компании во 24 земји формираат група со долгогодишна традиција, силни брендови и блиска поврзаност со корисниците.( ВИГ) Виена иншуренс груп има речиси 190 години искуство во осигурителниот бизнис. Со околу 23.000 вработени ВИГ е јасен лидер во пазарите кадешто работи. Компанијата е извонредно позиционирана да ги искористи можностите за развој на долг рок во регион со 180 милиони луѓе. Vienna Insurance Group е фирма со најдобар рејтинг на АТХ, којшто е водечки индекс на виенската берза. Акциите на ВИГ исто така котираат и на берзата во Прага.

**Осигурување Македонија а.д. Скопје, Виена Иншуренс Груп**
**Адреса: Ул."11 Октомври" број 25,1000 Скопје**
**Веб страна:** www.insumak.mk
info@insumak.mk